**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган Министерството за финансии на Република Македонија има потреба од набавка на канцелариски потрошен материјал.

За таа цел договорниот орган Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка во согласност со член 21 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на Република Македонија“, бр. 136/2007, 130/2008 и 97/2010 и 53/2011).

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот договор за јавна набавка најдоцна до 26.01.2012 година, до 12,00 часот, по пошта на горенаведената адреса или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии, лоцирана на ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин бб“ (поранешна зграда на НИП Нова Македонија) – приземје во Скопје.

Заедно со понудата задолжително треба да се достават и бараните урнеци.

Тендерската документација е прикачена кон огласот број 07/2011 и секој заинтересиран економски оператор може да ја преземе бесплатно од ВЕБ страницата: https://e-nabavki.gov.mk. Тендерската документација ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата и се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, образец на понуда и модел на договор.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на следниве електронски адреси: ljubomir.jordanov@finance.gov.mk или darko.jakimovski@finance.gov.mk.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на 26.01.2012 година, во 12,00 часот, во просториите на Министерството за финансии во Скопје на ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин“, бб (поранешна НИП Нова Македонија), кат 1, сала за состаноци.

Заедно со понудата, задолжително се доставува банкарска гаранција за учество во износ од 3% од вкупната вредност на понудата.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје
30.12.2011 година

Комисија за јавни набавки
Претседател,
Георги Стојков